# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Јануари / Февруари 2025
Janar / Shkurt 2025



**ЗЕЛС
ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**BNJVL
BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**



Почитувани,

Во периодот јануари – февруари 2025 година, ЗЕЛС реализираше низа активности, а беа одржани и две седници на Управниот одбор на ЗЕЛС. На седницата во јануари беше поканета министерката за финансии, Гордана Димитриеска Кочоска, кога беа изнесени ставовите на ЗЕЛС за зголемување на средствата во блок и во наменските дотации: за образованието, за градинките и за противпожарната заштита. Втората средба на УО беше одржана на 13 февруари 2025 година, со министерката за енергетика, рударство и минерални суровини, Сања Божиновска, на која се дискутираше за изнаоѓање на најповолни решенија за општините, поврзани со високите сметки за електрична енергија што ги плаќаат училиштата, градинките и јавните комунални претпријатија, основани од општината или Градот Скопје.

Во овој период, седница одржа и Комитетот на советите при ЗЕЛС на која се отвори дискусија за иницирање на предлози за измени во Законот за локална самоуправа во насока на надминување на одредени предизвици со кои се соочуваат поголем број на општински совети во своето работење. Седница одржа и Комисијата за социјална заштита и инклузија при ЗЕЛС, на која беа презентирани наодите и препораките од Анализата на децентрализацијата на социјалната заштита во РСМ, што се реализираше во рамките на проектот „Регионална соработка за подобри социјални услуги на локално ниво", што во нашата земја го спроведува ЗЕЛС во соработка со НАЛАС, а со финансиска поддршка на ГИЗ.

Во овој период експресно беше прифатено барањето на ЗЕЛС упатено до Владата на РСМ за формирање работна група која ќе утврди правно решение за поднесената иницијатива од Заедницата за воведување на општокорисна работа, како еден од механизмите за намалување на вандалското однесување на младите кон урбаната опрема, јавните површини и јавните добра. Во таа насока, членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС, на 19 февруари 2025 година, беа поканети во Владата на средба со претставници од соодветните министерства.

ЗЕЛС реализираше активности и во однос на обуките за општинската јавна администрација, па беше одржана работилница за општинските просветни инспектори, членови на Мрежата за образование при ЗЕЛС, кои дискутираа за спроведувањето на измените и дополнувањата на Законот за основно образование. Во овој период ЗЕЛС изработи и извештај „Проценка на потребите и можностите на општините во однос на вклучувањето на родовата перспектива во испораката на комуналните услуги", за кој заедно со останатите активности ќе може да прочитате во овој број на Гласило на ЗЕЛС.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Në periudhën janar-shkurt të vitit 2025, BNJVL ka realizuar një sërë aktivitetesh dhe janë mbajtur dy seanca të Bordit drejtues të BNJVL-së. Ministrja e Financave, Gordana Dimitrieska Koçoska, ishte e ftuar në seancën e janarit, ku u prezantuan qëndrimet e BNJVL-së për rritjen e mjeteve në bllok dotacionet dhe dotacionet të dedikuara për arsimin, kopshtet e fëmijëve dhe mbrojtjen nga zjarri. Mbledhja e dytë e Bordit drejtues u mbajt më 13 shkurt 2025, me Ministren e Energjetikës, Minierave dhe Burimeve Minerale, Sanja Bozhinovska, në të cilën u diskutua për gjetjen e zgjidhjeve më të volitshme për komunat, lidhur me faturat e larta të energjisë elektrike që paguajnë shkollat, kopshtet e fëmijëve dhe ndërmarrjet komunale publike, të themeluara nga komuna ose Qyteti i Shkupit.

Në këtë periudhë, seancë ka mbajtur edhe Komiteti i këshillave pranë BNJVL-së, në të cilën u hap diskutim për inicimin e propozimeve për ndryshimet e Ligjit për vetëqeverisje lokale me qëllim të tejkalimit të sfidave të caktuara me të cilat ballafaqohen një numër i madh i këshillave komunale në punën e tyre. Seancë mbajti edhe Komisioni për mbrojtje dhe përfshirje sociale pranë BNJVL-së, në të cilën u prezantuan gjetjet dhe rekomandimet e analizës së decentralizimit të mbrojtjes sociale në RMV, e cila u realizua në kuadër të projektit "Bashkëpunimi rajonal për shërbime më të mira sociale në nivel lokal", të cilin në vendin tonë po e zbaton BNJVL-ja në bashkëpunim me NALAS-in dhe mbështetjen financiare të GIZ-it.

Në këtë periudhë u pranua në mënyrë shumë e shpejtë kërkesa e BNJVL-së drejtuar Qeverisë së RMV-së për formimin e një grupi punues që do të përcaktojë zgjidhjen ligjore për iniciativën e parashtruar të Bashkësisë për aplikimin e punës me interes publik, si një nga mekanizmat për zvogëlimin e sjelljes vandale të të rinjve ndaj pajisjeve urbane, sipërfaqeve publike dhe të mirave publike. Në këtë drejtim, anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së u ftuan në Qeveri më 19 shkurt 2025, në takim me përfaqësues të ministrive përkatëse.

BNJVL-ja realizoi edhe aktivitete në fushën e trajnimeve për administratën publike komunale, kështu që u mbajt punëtori për inspektorët komunalë të arsimit, anëtarë të Rrjetit të arsimit të BNJVL-së, të cilët diskutuan për zbatimin e ndryshimeve dhe plotësimeve të Ligjit për arsimin fillor. Gjatë kësaj periudhe BNJVL-ja hartoi edhe raportin "Vlerësimi i nevojave dhe mundësive të komunave në lidhje me përfshirjen e perspektivës gjinore në zbatimin e shërbimeve komunale", për të cilin së bashku me aktivitetet e tjera mund të lexoni në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

Dushica Perishiq ,
Drejtoreshë ekzekutive e BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема Мехмети
**Подготвила:** Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Славе Чорбев
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка:**
Никола Тодоровски, Карина Доневска

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033
rr. Kopenhagenska nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendës drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema Mehmeti
**Përgatiti:** Vesna Arsovska-Dinkovska
**Përkthim:** Sllave Çorbev
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje:**
Nikola Todorovski, Karina Donevska

## „ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ И МОЖНОСТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ ВО ОДНОС НА ВКЛУЧУВАЊЕТО НА РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА ВО ИСПОРАКАТА НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ“ – НАЈНОВ ИЗВЕШТАЈ ИЗРАБОТЕН ОД ЗЕЛС

„Потребно е јакнење на административните капацитети на општините преку организирање на основни обуки за родова еднаквост, особено за раководните лица од секторите за финансии и комунални работи, но и од другите сектори, како и обуки за раководните лица во ЈКП. Потребно е да се назначи одговорно лице за родова еднаквост во ЈКП; да се формира интерсекторска работна група за родова еднаквост во општините за поддршка на процесите во оваа област; да се воспостават протоколи за соработка на Секторот за животна средина/комунални дејности од општината со ЈКП, во однос на развивање и испорака на комуналните услуги, протокол за информирање, протокол за вклучување на граѓаните и на други засегнати страни. Потребно е да се обезбедат родово разделени податоци во креирањето на општинските програми и политики и во известувањата до Советот на општината и до други институции. Треба редовно да се вклучуваат граѓаните во донесувањето одлуки поврзани со родовиот аспект за подобрување на комуналните услуги, но и при дискусии за развивање на нови, платени комунални услуги, преку организирање на форуми во заедницата. Потребно е да се организираат кампањи за јакнење на свеста за родовиот аспект кај населението и преку анкети да се утврди задоволството на граѓаните од квалитетот на испорачаните комунални услуги. Од особено значење би било и општините да се потписнички на Европската повелба за родова еднаквост.“

Ова се главните препораки што произлегоа од анализата на пристигнатите одговори од прашалникот што ЗЕЛС го достави до општините од Пелагонискиот и Југоисточниот Плански Регион, како и од спроведените средби со фокус-групите реализирани во четири општини од овие два плански региона. Во таа насока, Ирена Николов и Ивана Серафимовска, координаторки во проектот од ЗЕЛС, изработија извештај „Проценка на потребите и можностите на општините во однос на вклучувањето на родовата перспектива во испораката на комуналните услуги“ каде подетално е даден преглед на законската имплементација на овие мерки, актуелната административна поставеност во општините и во комуналните претпријатија, нивната меѓусебна соработка и соработката со граѓаните во делот посветен на планирањето и на спроведувањето на родовата еднаквост во комуналните услуги, со фокус на управувањето со отпад. Овие активности ЗЕЛС ги реализираше во рамките на проектот „Одржливо управување со отпад на локално

## "VLERËSIMI I NEVOJAVE DHE MUNDËSIVE TË KOMUNAVE NË LIDHJE ME PËRFSHIRJEN E PERSPEKTIVËS GJINORE NË ZBATIMIN E SHËRBIMEVE KOMUNALE" – RAPORTI MË I RI I HARTUAR NGA BNJVL-JA

"Është e nevojshme të forcohen kapacitetet administrative të komunave përmes organizimit të trajnimeve bazë për barazi gjinore, veçanërisht për personat udhëheqës nga sektori i financave dhe punëve komunale, por edhe nga sektorët e tjerë, si dhe trajnimeve për personat udhëheqës në ndërmarrjet komunale publike (NKP). Është e nevojshme të caktohet një person përgjegjës për barazi gjinore në NKP-të: të krijohet një grup punues ndërsektorial për barazi gjinore në komuna për të mbështetur proceset në këtë fushë; të vendosen protokolle bashkëpunimi të Sektorit të mjedisit jetësor/veprimtarive komunale të komunës me NPK-të në lidhje me zhvillimin dhe zbatimin e shërbimeve komunale, një protokoll informimi, një protokoll për përfshirjen e qytetarëve dhe palëve të tjera të përfshira. Është e nevojshme të sigurohen të dhëna të ndara gjinore në hartimin e programeve dhe politikave komunale dhe në raportimet për këshillin e komunës dhe institucionet e tjera. Të përfshihen rregullisht qytetarët në marrjen e vendimeve në lidhje me aspektin gjinor për përmirësimin e shërbimeve komunale, por edhe në diskutimet për zhvillimin e shërbimeve të reja komunale me pagesë, përmes organizimit të forumeve në bashkësi. Është e nevojshme të organizohen fushata për të forcuar ndërgjegjësimin e popullatës për aspektin gjinor dhe për të përcaktuar përmes anketave kënaqësinë e qytetarëve me cilësinë e shërbimeve të zbatuara komunale. Do të ishte e një rëndësie të veçantë që komunat të jenë nënshkruese të Kartës Evropiane për Barazi Gjinore".

Këto janë rekomandimet kryesore që dolën nga analiza e përgjigjeve të marra nga pyetësori që BNJVL-ja ua dorëzoi komunave të rajonit planifikues të Pellagonisë dhe atij juglindor, si dhe nga takimet e mbajtura me fokus grupet në katër komuna nga këto dy rajone planifikuese. Në këtë drejtim, Irena Nikollov dhe Ivana Serafimovska, koordinatore të projektit të BNJVL-së, përgatitën raportin "Vlerësimi i nevojave dhe mundësive të komunave në lidhje me përfshirjen e perspektivës gjinore në zbatimin e shërbimeve komunale", ku është dhënë një pasqyrë më të detajuar të zbatimit ligjor të këtyre masave, strukturës aktuale administrative në komunat dhe në ndërmarrjet komunale, bashkëpunimit të tyre të ndërsjellë dhe bashkëpunimit me qytetarët në pjesën e kushtuar planifikimit dhe zbatimit të barazisë gjinore në shërbimet komunale, me fokus në menaxhimin e mbeturinave. Këto aktivitete BNJVL-ja i realizoi në kuadër të projektit "Menaxhimi i qëndrueshëm i mbeturinave në nivel lokal", të

ниво“, што го спроведува во партнерство со САЛАР Интернешенал, финансиран од ГИЗ.

### Одговор на доставениот прашалник дале 13 општини, а во четири општини се реализирани разговори во фокус-групи

Комуналните услуги ги засегаат сите категории на граѓани што учествуваат во процесите на собирање, одлагање и депонирање на отпадот, оттука и потребата за овозможување на еднаков пристап при креирањето и користењето на овие услуги, со цел превенција од дискриминација. Тоа ја поттикна иницијативата на ЗЕЛС и САЛАР Интернешенал за спроведување на овие активности. Онлајн истражувањето ЗЕЛС го спроведе со доставување на прашалник до сите општини од овие два плански региона и ЈКП. На прашалникот одговорија 13 општини: Битола, Новаци, Могила, Демир Хисар, Пласница, Охрид, Кичево, Кривогаштани, Дебрца, Ресен, Прилеп, Долнени, Вевчани. Потоа, во општините Охрид и Кичево на 21 јануари 2025 година и во општините Новаци и Битола на 23 јануари 2025 година, беа реализирани разговори за идентификување на предизвиците при интегрирање на родовата перспектива во управувањето со отпадот. Разговорите ги водеа претставници од ЗЕЛС и од САЛАР, според претходно утврден прашалник и план. Разговорите се водени во фокус-групи во кои учествуваа и жени и мажи од општините и од нивните јавни комунални претпријатија (ЈКП), од раководни и не раководни структури и од различни профили (координатор на проектот, претставник од одделението или Секторот за комунални дејности/животна средина, координатор за еднакви можности на жените и мажите во општините, претставник/претставничка од ЈКП, претседател/претседателка на КЕМ во општината.

Според одговорите на доставениот прашалник, беше утврден релативно висок степен на спроведување на законските одредби во утврдување на структурата за родова еднаквост во овие општини, меѓу кои: донесена е Програма за еднакви можности на жените и мажите со утврдени финансиски средства за активности; формирана е Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите, (но во поголемиот број од општините не е активна); назначен е координатор/координаторка за еднакви можности помеѓу жените и мажите и речиси половината од нив посетувале обука за родова еднаквост во испораката на услуги. Во однос на поседување на родово разделени податоци и нивна активна примена, утврдено е дека состојбите не се на задоволително ниво од причина што за нивно активно користење, како алатка за планирање, следење, евалуација и развој, треба да постои систем за собирање и обработка на овие податоци.

Од разговорите во фокус-групите произлезе дека процесот на дизајнирање на програмите за работа на ЈКП не е ориентиран кон граѓаните. Не се спроведуваат консултативни активности за идентификување на потребите кај граѓаните и воедно не се спроведува никаква

cilin e zbaton në partneritet me SALAR International, të financuar nga GIZ.

### Përgjigje për pyetësorin e dërguar kanë dhënë 13 komuna, ndërsa në katër komuna janë realizuar bisedime me fokus grupe

Shërbimet komunale prekin të gjitha kategoritë e qytetarëve që marrin pjesë në proceset e grumbullimit, depozitimit dhe deponimit të mbeturinave, prandaj nevoja për të mundësuar një qasje të barabartë në krijimin dhe përdorimin e këtyre shërbimeve, me qëllim të parandalimit nga diskriminimi. Kjo nxiti iniciativën e BNJVL-së dhe Salar International për zbatimin e këtyre aktiviteteve. BNJVL-ja e zbatoi hulumtimin online duke dërguar një pyetësor për të gjitha komunat nga këto dy rajone planifikuese dhe NKP-të. Pyetësorin e kanë plotësuar 13 komuna: Manastiri, Novaci, Mogilla, Demir Hisari, Plasnica, Ohri, Kërçova, Krivogashtani, Debërca, Resnja, Prilepi, Dollneni dhe Vevçani. Pastaj, në komunat e Ohrit dhe Kërçovës më 21 janar 2025 dhe në komunat e Novacit dhe Manastirit më 23 janar 2025, u mbajtën bisedime për identifikimin e sfidave në integrimin e perspektivës gjinore në menaxhimin e mbeturinave. Bisedimet i udhëhoqën përfaqësues të BNJVL-së dhe SALAR-it, sipas pyetësorit dhe planit të përcaktuar më parë. Bisedimet u zhvilluan në fokus grupe në të cilat morën pjesë gra dhe burra nga komunat dhe ndërmarrjet e tyre komunale publike (NKP), nga strukturat udhëheqëse dhe jo udhëheqëse dhe nga profile të ndryshme (koordinator projekti, përfaqësues nga një departament apo sektor për veprimtari komunale/mjedis jetësor, koordinator për mundësi të barabarta për gratë dhe burrat në komuna, përfaqësues/e nga NKP-të, kryetar i/kryetare e KMB-së në komuna).

Sipas përgjigjeve të pyetësorit të dërguar, u konstatua një nivel relativisht i lartë i zbatimit të dispozitave ligjore në përcaktimin e strukturës për barazi gjinore në këto komuna, ndër të cilat: është miratuar një program për mundësi të barabarta për gratë dhe burrat me mjete të përcaktuara financiare për aktivitete; është formuar një komision për mundësi të barabarta ndërmjet grave dhe burrave (por ai nuk është aktiv në shumicën e komunave); është caktuar koordinatori/ja për mundësitë e barabarta ndërmjet grave dhe burrave dhe pothuajse gjysma e tyre kanë ndjekur trajnime për barazi gjinore në zbatimin e shërbimeve. Për sa i përket posedimit të të dhënave të ndara gjinore dhe përdorimit të tyre aktiv, është konstatuar se gjendjet nuk janë në nivelin e kënaqshëm sepse për përdorimin e tyre aktiv, si mjet për planifikim, monitorim, vlerësim dhe zhvillim, duhet të ekzistojë një sistem për mbledhjen dhe përpunimin e këtyre të dhënave.

Nga bisedimet në kuadër të fokus grupeve u konkludua se procesi i hartimit të programeve të punës së NKP-ve nuk është i orientuar ndaj qytetarëve. Nuk zbatohen aktivitete konsultative për identifikimin e nevojave të qytetarëve dhe nuk zbatohet asnjë formë për të përcaktuar nivelin e

форма за утврдување на нивото на задоволство на граѓаните од испораката на комунални услуги. Најчесто постои објавен телефонски број за контакт на граѓаните, но изнесените забелешки не се регистрираат на систематски начин за да може да се искористат за подобрување при идното планирање. Кај испитаниците преовладуваше и ставот дека управувањето со отпадот не е поврзано со родовата димензија. Посочено беше и дека селектирањето на отпадот во домаќинствата не е на задоволително ниво, односно граѓаните често неправилно ги користат поставените канти за селектирање. Сепак, беше нагласено дека жените се повеќе заинтересирани да усвојуваат нови навики за управувањето со отпадот во домаќинствата, во однос на мажите.

## Дадени се и дополнителни иницијативи

Во извештајот „Проценка на потребите и можностите на општините во однос на вклучувањето на родовата перспектива во испораката на комуналните услуги", освен препораките, дадени се иницијативи за преземање и на дополнителни мерки во насока на подобрување на третирањето на родовиот аспект во програмите и активностите на општините. Посочени се можности за преземање на активности за поголема поддршка на зелените бизниси со интегрирана родова димензија, особено за иновативните идеи од младите во креирањето зелени бизниси; организирање на континуирани обуки за зелени бизниси и женско претприемништво; креирање на документ за известување по програми со родово разделени податоци и друго.

kënaqësisë së qytetarëve me zbatimin e shërbimeve komunale. Më shpesh publikohet një numër telefoni me të cilin qytetarët mund të kontaktojnë, por komentet e bëra nuk regjistrohen në mënyrë sistematike me qëllim që të mund të përdoren për përmirësime në planifikimin e ardhshëm. Te të anketuarit mbizotëronte qëndrimi se menaxhimi i mbeturinave nuk lidhet me dimensionin gjinor. Gjithashtu u theksua se seleksionimi i mbeturinave në amvisëri nuk është në nivelin e kënaqshëm, gjegjësisht qytetarët shpeshherë i përdorin gabimisht shportat e vendosura të seleksionimit të mbeturinave. Megjithatë, u theksua se gratë janë më të interesuara për të pranuar praktika të reja të menaxhimit të mbeturinave në amvisëri në raport me burrat.

## Janë dhënë edhe iniciativa shtesë

Në raportin e përgatitur "Vlerësimi i nevojave dhe mundësive të komunave në lidhje me përfshirjen e perspektivës gjinore në zbatimin e shërbimeve komunale", përveç rekomandimeve, janë dhënë edhe iniciativa për ndërmarrjen e masave shtesë me qëllim të përmirësimit të trajtimit të aspektit gjinor në programet dhe aktivitetet e komunave. U theksuan mundësi për ndërmarrjen e aktiviteteve për të ofruar mbështetje më të madhe për bizneset e gjelbra me dimension të integruar gjinor, veçanërisht për idetë inovative nga të rinjtë në krijimin e bizneseve të gjelbra, organizimin e trajnimeve të vazhdueshme për bizneset e gjelbra dhe sipërmarrja femërore, krijimin e një dokumenti për raportim lidhur me programet me të dhëna të ndara gjinore dhe të tjera.



## ЗЕЛС ОРГАНИЗИРАШЕ РАБОТИЛНИЦА ЗА ОВЛАСТЕНИТЕ ПРОСВЕТНИ ИНСПЕКТОРИ

Во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, на 24 јануари 2025 година, беше одржана работилница за општинските просветни инспектори, членови на Мрежата за образование при ЗЕЛС. На средбата се дискутираше за имплементирањето на измените и дополнувањата на Законот за основно образование (Службен весник на РСМ 03/2025 од 03 јануари 2025 година), а преку методот на студија на случај, присутните разговараа за начините на разрешување на бројни актуелни предизвици со кои секојдневно се соочуваат при вршењето на инспекцискиот надзор.

### Потребно е јакнење на статусот на општинските инспектори

Присутните нагласија дека во локалната власт има недостаток од општински просветни инспектори чијашто улога е особено важна за законско спроведување на надлежностите во образованието и за превенирање на одредени состојби. Беше посочена потребата од усогласување на одредени одредби во Законот за просветна инспекција, Законот за инспекциски надзор и Законот за основно образование, поради утврдени состојби на колизија во надлежностите на општинскиот со државниот просветен инспектор. Од особена важност за општинските инспектори е тие да имаат пристап во ЕМИС (електронскиот систем за следење во образованието), исто како и државните инспектори. Присутните истакнаа дека од МОН и од други институции, позицијата на општинскиот просветен инспектор е омаловажена во однос на државниот просветен инспектор. Исто така, беше нагласено дека е потребно натамошно јакнење на статусот на општинските инспектори, но и обезбедување на поголема заштита при спроведувањето на одредени постапки. Присутните го реактивираа ставот за потребата од обезбедување на законска основа, со која ќе им се овозможи на општинските инспектори, заедно со државните инспектори, да учествуваат во спроведувањето на процесот на интегралната евалуација во воспитно-образовните установи, кои се во надлежност на општината. Беше наведено дека општинскиот инспектор,

## BNJVL ORGANIZOI PUNËTORI PËR INSPEKTORËT E AUTORIZUAR TË ARSIMIT

Në hapësirat e Qendrës për trajnime të BNJVL-së, më 24 janar 2025, u mbajt punëtori për inspektorët komunalë të arsimit, anëtarë të Rrjetit për arsim pranë BNJVL-së. Në takim u diskutua për zbatimin e ndryshimeve dhe plotësimeve të Ligjit për arsimin fillor (Gazeta zyrtare e RMV-së 03/2025 e datës 3 janar 2025), ndërsa përmes metodës së studimit të rastit, të pranishmit biseduan për mënyrat e zgjidhjes së sfidave të shumta aktuale me të cilat ballafaqohen për çdo ditë gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese.

### Nevojitet të forcohet statusi i inspektorëve komunalë

Të pranishmit theksuan se në pushtetin lokal ka mungesë të inspektorëve komunalë të arsimit, roli i të cilëve është veçanërisht i rëndësishëm për zbatimin ligjor të kompetencave në arsim dhe për parandalimin e gjendjeve të caktuara. U theksua nevoja e harmonizimit të dispozitave të caktuara në Ligjin për inspektimin arsimor, Ligjin për mbikëqyrjen inspektuese dhe Ligjin për arsimin fillor për shkak të konstatimit të gjendjeve të kolizionit në kompetencat e inspektorit komunal dhe inspektorit shtetëror të arsimit. Është e një rëndësie të veçantë që inspektorët komunalë të kenë qasje në EMIS (sistemi elektronik i ndjekjes së arsimit), ashtu si inspektorët shtetërorë. Të pranishmit theksuan se Ministria e Arsimit dhe Shkencës dhe institucionet e tjera e kanë nënçmuar pozitën e inspektorit komunal të arsimit në krahasim me inspektorin shtetëror të arsimit. Gjithashtu u theksua se është e nevojshme të forcohet edhe më tej statusi i inspektorëve komunalë, si dhe të sigurohet mbrojtje më e madhe gjatë zbatimit të procedurave të caktuara. Të pranishmit riaktivizuan qëndrimin për nevojën e sigurimit të bazës ligjore, me të cilën do t'u mundësohet inspektorëve komunalë që së bashku me inspektorët shtetërorë të marrin pjesë në zbatimin e procesit të vlerësimit integral në institucionet arsimore edukative që janë në kompetencën e komunës. U theksua se inspektori komunal, përmes informacioneve të marra aktuale për procesin e përgjithshëm





преку тековно утврдените сознанија за севкупниот воспитно-образовен процес, може многу да помогне во објективно утврдување на квалитетот на целокупното работење на училиштето. Во таа насока, присутните изнесоа иницијатива за реализирање на непосредна средба со министерката за образование и наука, за што побараа поддршка од ЗЕЛС.

## Детектирани обврските на општинските инспектори произлезени од измените и дополнувањата на Законот за основно образование

На работилницата, посебен акцент беше ставен на измените и дополнувањата на Законот за основно образование. Овластената просветна инспекторка од Општина Велес, Македонка Виларова, ги детектираше обврските за инспекторите што произлегуваат од имплементирањето на законските измени. Беше нагласено дека треба да се обрне особено внимание при запишувањето на учениците, кое исклучиво ќе се спроведува според утврдената реонизација, а доколку ученикот живее подалеку од 2 км од училиштето (бидејќи нема друго училиште поблизу) родителот е обврзан да поднесе барање за надомест на патни трошоци и доказ за километражата. Цената и начинот на вршење на бесплатниот превоз на учениците се утврдува во согласност со Законот за превоз во патниот сообраќај, а за релација за која нема обезбедено линиски превоз, за висината на износот на бесплатниот превоз, одлука донесува основачот на основното училиште. Присутните изнесоа низа предизвици поврзани со превозот и високите трошоци за оваа намена, при што беа посочени и добри искуства, меѓу кои од Општина Кавадарци. Оваа општина има формирано јавно претпријатие кое врши транспорт на учениците до училиштата и при реализација на ученичките екскурзии. На овој начин, општината обезбедила 50 % заштеда на трошоците за ученички превоз.

Присутните ја нагласија потребата законски да се утврди членување на инспекторот или советникот за образование од општината во комисијата за трансформирање на работниот однос на наставниците од определено на неопределено време, од причина што тие имаат целосен увид во сите училишта во општината за расположливоста на наставните кадри, бројот на часови што ги имаат и идните образовни развојни потреби. Со

arsimor edukativ, mund të ndihmojë shumë në përcaktimin objektiv të cilësisë së funksionimit të përgjithshëm të shkollës. Në këtë drejtim, të pranishmit prezantuan iniciativë për realizimin të një takimi të drejtpërdrejtë me Ministren e Arsimit dhe Shkencës, për të cilën kërkuan mbështetje nga BNJVL-ja.

## Identifikohen obligimet e inspektorëve komunalë që dalin nga ndryshimet dhe plotësimet e Ligjit për arsimin fillor

Në punëtori, theks i veçantë u vu në ndryshimet dhe plotësimet e Ligjit për arsimin fillor. Inspektorja e autorizuar e arsimit nga Komuna e Velesit, Makedonka Villarova identifikoi obligimet për inspektorët që dalin nga zbatimi i ndryshimeve ligjore. U theksua se duhet të kushtohet vëmendje të veçantë gjatë regjistrimit të nxënësve, i cili do të zbatohet ekskluzivisht sipas rajonizimit të përcaktuar dhe nëse nxënësi banon më larg se 2 kilometra nga shkolla (sepse nuk ka shkollë tjetër afër) prindi është i obliguar të parashtrojë një kërkesë për kompensimin e shpenzimeve të udhëtimit dhe një vërtetim për kilometrat e kaluar. Çmimi dhe mënyra e zbatimit të transportit falas të nxënësve përcaktohet në përputhje me Ligjin për transport në komunikacionin rrugor, ndërsa për relacionin për të cilin nuk është siguruar transport i rregullt, themeluesi i shkollës fillore merr vendim për shumën e transportit falas. Të pranishmit prezantuan një sërë sfidash që kanë të bëjnë me transportin dhe kostot e larta për këtë qëllim, duke u theksuar edhe praktikat e mira, duke përfshirë ato nga Komuna e Kavadarit. Kjo komunë ka themeluar një ndërmarrje publike, e cila kryen transportin e nxënësve deri në shkolla dhe realizon ekskursionet e nxënësve. Në këtë mënyrë, komuna ka siguruar 50% kursime të shpenzimeve të transportit të nxënësve.

Të pranishmit theksuan nevojën e përcaktimit ligjor të anëtarësimit të inspektorit apo këshilltarit të arsimit nga komuna në komisionin për transformimin e marrëdhënieve të punës së mësimdhënësve nga afat të caktuar në të pacaktuar, sepse ata kanë pasqyrë të plotë në të gjitha shkollat e komunës lidhur me kuadrot mësimore që janë në dispozicion, numrin e orëve që kanë dhe nevojat e ardhshme për zhvillim arsimor. Me ndryshimet e reja ligjore, anëtarët e komisionit dhe drejtori i





новите законски измени, членовите на комисијата и директорот на училиштето, кривично одговараат за создавање технолошки вишок. Беше изнесено дека голем број општини се соочуваат со исплаќање на финансиски средства од судски одлуки заради отпуштање или нетрансформирање на работниот однос на наставник, на чие работно место бил распишан нов конкурс и е примено ново лице. Исто така, беше нагласено дека од септември оваа година, при формирањето на паралелките треба да се внимава на вклучувањето на педагозите во наставата, односно со измените тие може да предаваат само до трето одделение, а не и во четврто и во петто одделение, како досега. Беше нагласено дека при формирањето на паралелките треба да се обрне внимание и на одредбите кои се однесуваат на задолжителното запазување на етничка балансирана структура на учениците. Беше укажано и на измените за воведување на тутор (лице кое обезбедува дополнителна поддршка на учениците што имаат потешкотии во учењето) кој со законските измени е предвидено да добива финансиски надомест, наместо досегашното постоење на тутор-волонтер. Новина во измените на Законот за основно образование е воведувањето на „единствен образован број на ученикот" кој ќе го следи ученикот низ неговото образование и ќе ги поврзува сите податоци за него.

Со законските измени, за наставникот кој не ги извршувал своите работни задачи за спречување на напад над ученик или не интервенирал за време на нападот над ученик, според новите законски измени, се поведува дисциплинска постапка за сторени потешки повреди во работењето и претставува основа за престанување на работниот однос со отказ, согласно со прописите од областа на работните односи.

Присутните дискутираа и за потребата од иницијатива за усогласување на Законот за просветна инспекција со законските одредби за прекршоци во однос на издавањето платен налог, како и за многу други прашања поврзани со спроведувањето на обврските на општинскиот просветен инспектор. Присутните нагласија дека овој вид на работилници што ги организира ЗЕЛС успешно ги јакне капацитетите на општинските инспектори и значително придонесува за поголема ефикасност во нивното работење, бидејќи се темели на споделување на конкретни предизвици и утврдување на решенија за нивно надминување.

shkollës janë penalisht përgjegjës për krijimin e tepricës teknologjike. U theksua se një numër i madh komunash po ballafaqohen me pagesën e mjeteve financiare për vendimet gjyqësore për shkak të largimit nga puna apo mos transformimit të marrëdhënies së punës të një mësuesi, për vendin e punës të të cilit është shpallë konkurs i ri dhe është punësuar një person i ri. Gjithashtu u theksua se nga shtatori i këtij viti, gjatë formimit të paraleleve, duhet t'i kushtohet vëmendje përfshirjes së pedagogëve në mësim, gjegjësisht me ndryshimet ata mund të japin mësim vetëm deri në klasën e tretë, e jo deri në klasën e pestë dhe të gjashtë, si deri më tani. U theksua se gjatë mbikëqyrjes inspektuese duhet t'i kushtohet vëmendje formimit të paraleleve, si dhe dispozitave që kanë të bëjnë me respektimin e detyrueshëm të një strukture të balancuar etnike të nxënësve. Gjithashtu u theksuan ndryshimet për aplikimin e një tutori (personi që siguron mbështetje shtesë për nxënësit që kanë vështirësi në mësim), i cili me ndryshimet ligjore parashihet të marrë kompensim financiar, në vend të ekzistimit të deritanishëm të një tutori-vullnetar. Një risi në ndryshimet e Ligjit për arsimin fillor është aplikimi i një "numri unik arsimor të nxënësit" që do ta ndjekë nxënësin gjatë gjithë shkollimit të tij dhe do të lidhë të gjitha të dhënat për të.

Me ndryshimet ligjore, për mësuesin që nuk ka kryer detyrat e tij të punës për të parandaluar sulmin ndaj nxënësit ose nuk ka ndërhyrë gjatë sulmit ndaj nxënësit, sipas ndryshimeve të reja ligjore, iniciohet një procedurë disiplinore për shkelje më të rënda të kryera gjatë punës dhe kjo paraqet bazë për ndërprerjen e marrëdhënies së punës me largim nga puna, në përputhje me rregulloret në fushën e marrëdhënieve të punës.

Të pranishmit diskutuan edhe për nevojën e një iniciative për harmonizimin e Ligjit për inspektimin arsimor me dispozitat ligjore për kundërvajtje lidhur me lëshimin e urdhërpagesave, si dhe për shumë çështje të tjera që kanë të bëjnë me zbatimin e obligimeve të inspektorit komunal të arsimit. Të pranishmit theksuan se ky lloj punëtorish të organizuara nga BNJVL-ja me sukses i forcon kapacitetet e inspektorëve komunalë dhe kontribuon dukshëm për efikasitet më të madh në punën e tyre, pasi që bazohet në ndarjen e sfidave konkrete dhe identifikimin e zgjidhjeve për tejkalimin e tyre.








## ОПШТИНИТЕ АЕРОДРОМ, ЦЕНТАР И МАКЕДОНСКИ БРОД – УЧЕСНИЧКИ ВО ЗАЕДНИЦАТА НА ПРАКСА ЗА СОВЕТОДАВНА (ДЕЛИБЕРАТИВНА) ДЕМОКРАТИЈА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Претставничката од ЗЕЛС и претставничките од општините Аеродром, Центар и Македонски Брод, кои минатата година се пријавија на повикот на проектот „Промовирање на делиберативна демократија и иновативни пристапи за учество на граѓаните во Југоисточна Европа“ на 29 јануари 2025 година, учествуваа на вториот состанок на Заедницата на пракса за делиберативна демократија, што се одржа преку онлајн платформа. Првиот состанок беше одржан минатата година, во Тирана, кога беше основано ова тело, со цел споделување на најдобри искуства од областа на граѓанското учество во локалната самоуправа и промовирањето на механизмите за учество на граѓаните во донесување одлуки од локално значење, меѓу земјите од Југоисточна Европа. Заедницата е формирана како дел од проектот, што е имплементиран од Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа, во партнерство со НАЛАС со финансиска поддршка на Германија. Заедницата на единиците на локалната самоуправа во

## KOMUNAT AERODROM, QENDËR DHE MAKEDONSKI BROD – PJESËMARRËSE NË BASHKËSINË E PRAKTIKËS PËR DEMOKRACI KËSHILLËDHËNËSE (DELIBERATIVE) NË EVROPËN JUGLINDORE

Përfaqësuesja e BNJVL-së dhe përfaqësueset e komunave Aerodrom, Qendër dhe Makedonski Brod, të cilat vitin e kaluar kishin aplikuar për thirrjen e projektit “Promovimi i demokracisë deliberative dhe qasjeve inovative për pjesëmarrjen e qytetarëve në Evropën Juglindore”, më 29 janar 2025 morën pjesë në mbledhjen e dytë të Bashkësisë së praktikës për demokraci deliberative, e cila u mbajt nëpërmjet një platforme online. Mbledhja e parë u mbajt vitin e kaluar, në Tiranë, kur u themelua ky trup, me qëllim të shpërndarjes së praktikave më të mira në fushën e pjesëmarrjes së qytetarëve në vetëqeverisjen lokale dhe promovimit të mekanizmave për pjesëmarrjen e qytetarëve në vendimmarrje me rëndësi lokale ndërmjet vendeve të Evropës Juglindore. Bashkësia u formua si pjesë e projektit, i cili zbatohet nga Kongresi i Autoriteteve Lokale dhe Rajonale të Këshillit të Evropës, në partneritet me NALAS-in me mbështetje financiare të Gjermanisë. Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale në RMV, BNJVL, ka rolin e koordinatorit të projektit për komunat në vendin tonë.

РСМ, ЗЕЛС, ја има улогата на координатор на проектот за општините во нашата земја.

Во Заедницата учествуваат и претставници на општини и асоцијации на единиците на локалната самоуправа од: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Србија, односно вкупно 18 општини и шест асоцијации. Заедницата на пракса за делиберативна демократија треба да претставува платформа за размена на досегашни искуства и да придонесе за јакнење на административните капацитети на локалната власт од земјите од Југоисточна Европа. Активностите на Заедницата ќе ги координира Мрежата на национални асоцијации на локални власти на Југоисточна Европа (НАЛАС).

## Презентирани добри искуства од спроведувањето на советодавната (делиберативна) демократија

Централна тема на вториот состанок беше функционирањето на таканаречените граѓански собранија што веќе се организирани во голем број европски градови и општини. За концептот на овие собранија, за нивната улога и за специфичните елементи (особено во почетната фаза), но и за разликите во однос на другите форми на делиберативната демократија, говореше професорот Дамир Капиџич. За искуствата на организирање на граѓанските собранија и за позитивните резултати од нивната примена, говореа градоначалникот на Риека, Марко Филиповиќ и претставникот од градот Болоња. Посебно внимание беше посветено на спецификите на мобилизирање на граѓаните во собранијата, рамноправната застапеност по пол, возраст и интереси, сè со цел крајниот резултат да обезбеди доверба и кредибилитет на одлуките што ќе бидат донесени. Беше посочено дека Собранието на граѓаните му доставило на градот Риека над 90 предлози и препораки што треба да придонесат за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, а веќе 48 од нив градот ги реализирал. Во Болоња, собранието на граѓаните е формирано како резултат на протестите на граѓаните во однос на Декларацијата за итни климатски и еколошки интервенции. Оттука произлегува дури и називот на собранието – Климатско граѓанско собрание, со 100

Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, sinqerisht falënderoi ministren Bozhinovska për dorën e zgjatur që përmes dialogut me komunat të zgjidhen sfida të shumta në këtë sferë, të cilat para së gjithash janë në interes të të gjithë qytetarëve. Ai theksoi se edhe në të kaluarën komunat janë ballafaquar me sfida të ngjashme, por pushteti i atëhershëm nuk ka pasur mirëkuptim për të filluar dialog. Gjorgjievski tha të gjithë duhet të zotohemi që të sigurohen kushte më të favorshme për blerjen e energjisë elektrike, sepse bëhet fjalë për organizata jofitimprurëse, shërbimet e të cilave janë në interes të të gjithë qytetarëve.



## СЕ ОЧЕКУВА БРЗО РЕШАВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА НА ЗЕЛС ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТОКОРИСНА РАБОТА ПРИ ВАНДАЛСКОТО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ МЛАДИТЕ

Барањето на ЗЕЛС, упатено до Владата на РСМ, за формирање работна група која ќе утврди правно решение за поднесената иницијатива од Заедницата за воведување на општокорисна работа, како еден од механизмите за намалување на вандалското однесување на младите кон урбаната опрема, јавните површини и јавните добра, беше експресно прифатено. Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС, на 19 февруари 2025 година, беа повикани во просториите на Владата на прва работна средба, заедно со претставници од министерствата: за транспорт, за правда, за социјална политика, демографија и млади, за внатрешни работи и за образование и наука. На средбата беа разгледани сите аспекти за потребни законски измени кои ќе ги опфатат: Законот за прекршочна постапка, Законот за пробација и Законот за правда за децата, со цел општокорисната работа да стане ефективна мерка за превенција и ресоцијализација на младите. Дополнително, беа дискутирани и можните измени во Законот за семејство и Законот за извршување на санкции. Беше посочено дека одговорноста кај малолетните деца на возраст од 14 до 16 години е опфатена и прекршочно и кривично, но под 14-годишна возраст, за дете кое сторило

## PRITET ZGJIDHJE E SHPEJTË E INICIATIVËS SË BNJVL-SË PËR APLIKIMIN E PUNËS ME INTERES PUBLIK NË RASTIN E SJELLJES VANDALE TË TË RINJVE

Kërkesa e BNJVL-së, e dërguar deri te Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, për formimin e grupit punues që do të përcaktonte zgjidhje ligjore për iniciativën e parashtruar nga Bashkësia për aplikimin e punës me interes publik, si një nga mekanizmat për zvogëlimin e sjelljes vandale të të rinjve ndaj pajisjeve urbane, hapësirave publike dhe të mirave publike u pranua në mënyrë shumë të shpejtë. Më 19 shkurt 2025, anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së u ftuan në hapësirat e Qeverisë në takimin e parë të punës, së bashku me përfaqësues nga Ministria e Transportit, Drejtësisë, Politikën Sociale, Demografisë dhe Rinisë, Punëve të Brendshme dhe Arsimit dhe Shkencës. Në takim u shqyrtuan të gjitha aspektet e ndryshimeve të nevojshme ligjore, të cilat do të përfshijnë Ligjin për procedurën kundërvajtëse, Ligjin për shërbimin e provës dhe Ligjin për drejtësinë për fëmijët, me qëllim që puna me interes publik të bëhet një masë efektive për parandalimin dhe risocializimin e të rinjve. Gjithashtu, u diskutuan ndryshimet e mundshme në Ligjin për familjen dhe Ligjin për përmbarimin e sanksioneve. U theksua se përgjegjësia e të miturve të moshës 14 deri në 16 vjeçare mbulohet si nga përgjegjësia kundërvajtëse ashtu edhe nga ajo penale, por nën

прекршок против јавни добра, одговорен е родителот. Во таа насока, се дискутираше за можностите за усогласување на законите и изнаоѓање на брзи и ефективни решенија во согласност со возраста на сторителите, односно со почитување на одредени конвенции за заштита на децата.

-„Исклучително ја ценам брзината со која реагираше Владата на барањето на ЗЕЛС, кое впрочем, го иницираше Општина Центар, која во изминатиот период многу често се соочуваше со вандалското однесување на малолетници. Констатиравме дека со вакви предизвици се соочуваат и многу други општини. Граѓаните бараат од нас брзи реакции, не само во однос на санирање на сторената штета и реконструкција на уништените јавни добра, туку и на утврдување на одговорност од сторителите. Но нашата цел не е строго да санкционираме, особено што станува збор за малолетна популација, напротив, сакаме тие да го преиспитаат своето однесување и во иднина да не го повторуваат делото, но и да превенираме за вакви идни појави и кај другата популација, не само кај малолетниците. Во таа насока, сметаме дека најдобро е кога малолетното лице, заедно со својот родител, ќе ја извршува општокорисната работа во својата општина, односно во општината каде што го сторило делото. Верувам дека во најкраток можен рок ќе ги финализираме законските измени и ќе создадеме правна рамка што ќе овозможи нивна брза и ефикасна имплементација во сите општини“. Ова го истакна претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, на работната средба во Владата на РСМ .

moshën 14 vjeçare, prindi është përgjegjës për një fëmijë që ka kryer kundërvajtje ndaj të mirave publike. Në këtë drejtim, u diskutuan mundësitë për harmonizimin e ligjeve dhe gjetjen e zgjidhjeve të shpejta dhe efektive në përputhje me moshën e kryerësve të veprave, gjegjësisht duke respektuar konventa të caktuara për mbrojtjen e të drejtave të fëmijëve.

-"E vlerësoj jashtëzakonisht shpejtësinë me të cilën Qeveria ka reaguar ndaj kërkesës së BNJVL-së, e cila në fakt është iniciuar nga Komuna e Qendrës, e cila në periudhën e kaluar shumë shpesh është përballur me sjellje vandale nga të miturit. Ne kemi konstatuar se shumë komuna të tjera po përballen me sfida të ngjashme. Qytetarët kërkojnë nga ne reagime të shpejta jo vetëm në pjesën e sanimit të dëmeve të shkaktuara dhe rindërtimit të të mirave të shkatërruara publike, por edhe për përcaktimin e përgjegjësisë së kryerësve të atyre veprave. Por, qëllimi ynë nuk është të sanksionojmë rreptësishtë, sidomos kur bëhet fjalë për popullatën e mitur, përkundrazi, duam që ata të rishikojnë sjelljen e tyre dhe të mos e përsërisin veprën në të ardhmen, por edhe të parandalojnë dukuri të këtilla në të ardhmen tek pjesa tjetër e popullsisë, jo vetëm tek të miturit. Në këtë drejtim, ne mendojmë se është më mirë kur personi i mitur së bashku me prindin e tij do të kryejë punë me interes publik në komunën e tij, përkatësisht në komunën ku ka kryer veprën penale. Besoj se në një kohë sa më të shkurtër do të finalizojmë ndryshimet ligjore dhe do të krijojmë një kornizë ligjore që do të mundësojë zbatimin e shpejtë dhe efikas të tyre në të gjitha komunat”. Këtë e theksoi kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, në takimin e punës.









На средбата присуствуваа и министерот за локална самоуправа, Златко Перински и заменик-министерот за социјална политика, демографија и млади, Ѓоко Велковски. Министерот за локална самоуправа посочи дека потребата од зајакнување на механизмот на комунален надзор била истакнувана од учесниците на досега спроведените дебати, поврзани со измените на Законот за локална самоуправа, па во таа насока се планира на оваа област да ѝ биде посветено посебно внимание во законските измени, преку создавање на законска основа за креирање долгорочни, инклузивни и одржливи решенија. На крајот од средбата, беше договорено да се прецизираат лицата што ќе учествуваат во стручната дискусија за усогласување и донесување на соодветно решение кое ќе обезбеди брза и ефикасна примена и сузбивање на ваквите појави во иднина.

Në takim morën pjesë edhe Ministri i Vetëqeverisjes Lokale, Zllatko Perinski dhe Zëvendësministri i Politikës Sociale, Demografisë dhe Rinisë, Gjoko Vellkovski. Ministri i Vetëqeverisjes Lokale theksoi se pjesëmarrësit në debatet e deritanishme kanë theksuar nevojën e fuqizimit të mekanizmit të mbikëqyrjes komunale lidhur me ndryshimet në Ligjin për vetëqeverisje lokale dhe në këtë drejtim është planifikuar që në ndryshimet ligjore t'i kushtohet vëmendje e veçantë kësaj fushe, duke krijuar bazë ligjore për krijimin e zgjidhjeve afatgjata dhe të qëndrueshme. Në fund të takimit u ra dakord që të përcaktohen personat që do të marrin pjesë në diskutimin e ekspertëve për harmonizimin dhe miratimin e një zgjidhjeje përkatëse, e cila do të sigurojë zbatim të shpejtë dhe efikas dhe çrrënjosje të dukurive të këtilla në të ardhmen.

## ВТОРА СЕДНИЦА НА КОМИСИЈАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ИНКЛУЗИЈА

Комисијата за социјална заштита и инклузија при ЗЕЛС, на 20 февруари 2025 година, во просториите на Заедницата, го одржа вториот состанок. Пред присутните беа презентирани наодите и препораките од Анализата на децентрализацијата на социјалната заштита во РСМ, која се реализираше во рамките на проектот „Регионална соработка за подобри социјални услуги на локално ниво". Во нашата земја проектот го спроведува ЗЕЛС во соработка со НАЛАС, а со финансиска поддршка на ГИЗ. Претседателот на Комисијата, градоначалникот на Општина Гази Баба, Бобан Стефковски, посочи дека веќе подолг период заложбите на ЗЕЛС се за продлабочување на децентрализацијата на власта и во областа на социјалната заштита, од причини што општините имаат најнепосреден контакт со граѓаните од оваа категорија. Во таа насока, ЗЕЛС започна со активности за поддршка во лобирањето пред централната власт. Целта е да се изнајде најефикасниот начин на префрлање на бројни услуги од централно на локално ниво од оваа мошне сензитивна област. Притоа, во целост треба да биде почитувана Европската повелба за локална самоуправа во однос на обезбедувањето адекватно финансирање на префрлените надлежности, со цел нивно квалитетно спроведување.

## SEANCA E DYTË E KOMISIONIT PËR MBROJTJE DHE PËRFSHIRJE SOCIALE

Komisioni për mbrojtje dhe përfshirje sociale pranë BNJVL-së e mbajti mbledhjen e dytë më 20 shkurt 2025, në hapësirat e Bashkësisë. Para të pranishmëve u prezantuan gjetjet dhe rekomandimet e analizës së decentralizimit të mbrojtjes sociale në RMV, e cila u realizua në kuadër të projektit “Bashkëpunimi rajonal për shërbime më të mira sociale në nivel lokal”, të cilin në vendin tonë po e zbaton BNJVL-ja në bashkëpunim me NALAS-in dhe me mbështetje financiare të GIZ-it. Kryetari i Komisionit, kryetari i Komunës së Gazi Babës, Boban Stefkovski, theksoi se përpjekjet e BNJVL-së tashmë për një kohë të gjatë janë për thellimin e decentralizimit të pushtetit edhe në sferën e mbrojtjes sociale, për arsye se komunat kanë kontakt më të drejtpërdrejtë me qytetarët e kësaj kategorie. Në këtë drejtim, BNJVL-ja ka filluar aktivitetet që do të japin mbështetje në lobimin para pushtetit qendror. Qëllimi është të gjendet mënyra më efikase për transferimin e shërbimeve të shumta nga niveli qendror në atë lokal në këtë sferë shumë të ndjeshme, duke respektuar plotësisht Kartën Evropiane të Vetëqeverisjes Lokale, në lidhje me sigurimin e financimit adekuat të kompetencave të transferuara me qëllim të zbatimit të tyre cilësor.







## Констатиран недостиг на стручен кадар и непостојани финансиски извори за спроведување на социјалните услуги во општините

Анализата што беше изработена од експертот Душан Томшиќ беше презентирана пред присутните. Тој потсети дека досега општините презеле надлежности од оваа област само во однос на детските градинки и делумно управуваат со неколку установи за социјална заштита. Извесен напредок во развојот на социјалните услуги е забележан преку проектот за подобрување на социјалните услуги (ССИП), финансиран од Светска банка, каде што 41 општина започнале со развој на локални услуги во заедницата, како што се: помош и нега во домот, лична асистенција и дневни центри, но услугите сè уште не се системски и рамномерно распределени на цела територија. Утврдено е и дека повеќето од општините не ги исполните законските обврски и не изработиле локални стратегии за социјална заштита и акциски планови за развој на социјалните услуги, што доведува до отежнато долгорочно планирање и обезбедување на континуирани услуги на локално ниво. Утврдена е и неусогласеност на институционалната поставеност на социјалната заштита од трите нивоа: 1. **централно ниво** (Министерството за труд и социјална политика (МТСП) и Центрите за социјална работа (ЦСР)) 2. **локално ниво** (општините што имаат ограничена улога во планирање и испорака на услуги) и 3. **даватели на услуги**: јавни установи, приватни компании и граѓански организации. Беше нагласено дека социјалната заштита, главно, се финансира од централниот буџет, но забележано е и незначително учество на општините. Немањето стабилни извори на финансирање за локалните услуги, доведува до нивно краткотрајно постоење и зависност од проекти. Предизвик е и недостигот на стручен кадар во општините, односно мал број општини имаат социјални работници, правници или лица со искуство во планирање и управување со социјалните

## Është konstatuar mungesë e kuadrove profesionale dhe burimeve të paqëndrueshme financiare për zbatimin e shërbimeve sociale në komuna

Para të pranishmëve u prezantua analiza e përgatitur nga eksperti Dushan Tomshiq. Ai përkujtoi se deri më tani komunat kanë marrë kompetenca të kësaj sfere vetëm në lidhje me kopshtet e fëmijëve dhe pjesërisht menaxhojnë me disa institucione të mbrojtjes sociale. Njëfarë progresi në zhvillimin e shërbimeve sociale është vërejtur përmes projektit për përmirësimin e shërbimeve sociale (SSIP), të financuar nga Banka Botërore, ku 41 komuna kanë filluar të zhvillojnë shërbime lokale në komunitet, siç janë ndihma dhe kujdesi në shtëpi, asistenca personale dhe qendrat ditore, por shërbimet ende nuk janë shpërndarë në mënyrë sistemore dhe të barabartë në të gjithë territorin. Gjithashtu është konstatuar se shumica e komunave nuk i kanë përmbushur detyrimet e tyre ligjore dhe nuk kanë hartuar strategji lokale për mbrojtjen sociale dhe plane aksionare për zhvillimin e shërbimeve sociale, gjë që vështirëson planifikimin afatgjatë dhe sigurimin e shërbimeve të vazhdueshme në nivel lokal. Është konstatuar mospërputhje edhe në strukturën institucionale të mbrojtjes sociale në tre nivelet: 1. **Niveli qendror** (Ministria e Punës dhe Politikës Sociale (MPPS) dhe Qendrat për Punë Sociale (QPS)) 2. **Niveli lokal** (komunat që kanë një rol të kufizuar në planifikimin dhe ofrimin e shërbimeve) dhe 3. **Ofruesit e shërbimeve** (institucionet publike, kompanitë private dhe organizatat e shoqërisë civile). U theksua se mbrojtja sociale financohet kryesisht nga buxheti qendror, por është vërejtur edhe pjesëmarrja e parëndësishme e komunave. Mungesa e burimeve të qëndrueshme të financimit të shërbimeve sociale çon në ekzistencën e tyre afatshkurtër dhe varësinë nga projektet. Sfidë tjetër është edhe mungesa e kuadrove profesionale në komuna, gjegjësisht një numër i vogël komunash kanë punonjës socialë, juristë apo persona me përvojë në sferën e

услуги, па во таа насока мал е и бројот на општини со одделенија за социјална заштита.

### Препорака за етапен процес на децентрализирање на социјалната заштита, но и заложби за целосно префрлање на оваа надлежност на општините

Во Анализата се утврдени и препораките за текот на процесот на децентрализација на социјалната заштита, каде што се посочува на негово етапно спроведување, во неколку фази. Први би започнале општините што досега покажале капацитет во оваа област. Паралелно би течело јакнењето на капацитетите во сите општини и формирањето на совети за социјална заштита, кои активно би придонесувале во планирањето и развојот на општината во оваа област. **Во среднорочните мерки** е наведено пренесувањето на предложените надлежностите на дневните центри за лицата со попреченост (33), кои се управувани од ЦСР, на општините, вклучително и обезбедување финансиски средства за работа, од државниот буџет. Во оваа фаза би се утврдила и префрлила сопственоста на објектите каде што се спроведува услугата, како и вработените во дневните центри. Беше наведена и можноста за примена на законското решение општините да основаат центри за услуги (во домот и во заедницата), а средствата да се исплаќаат по корисник, согласно со утврдената цена за давање на услугата. Би се подготвиле сите законски основи за префрлање на надлежностите, услугите, финансирањето, како и поддршка за јакнење на капацитетите на регионалните совети за социјална заштита и би се стимулирала меѓуопштинската соработка при планирањето и развојот на услугите. **И во третата фаза**, се предлага да се доврши процесот на деинституционализација, преку целосна трансформација на установите за социјална заштита – да се трансформираат во сервиси за поддршка во локалната заедница и да се зголеми фискалната автономија на општините преку унапредување на механизмите за генерирање сопствени приходи (локални даноци, такси, комунални придонеси).

planifikimit dhe menaxhimit të shërbimeve sociale dhe në këtë drejtim është i vogël edhe numri i komunave me departamente të mbrojtjes sociale.

### Rekomandim për proces me faza të decentralizimit të mbrojtës sociale, por edhe zotime për transferim të plotë të kësaj kompetence komunave

Në analizën janë konstatuar edhe rekomandime për rrjedhën e procesit të decentralizimit të mbrojtjes sociale, duke treguar zbatimin e tij me faza, në disa faza. Komunat që deri më tani kanë treguar kapacitete në këtë fushë do të ishin të parat që do të fillonin. Paralelisht do të zbatohej forcimi i kapaciteteve në të gjitha komunat dhe formimi i këshillave të mbrojtjes sociale, të cilat do të kontribuonin aktivisht në planifikimin dhe zhvillimin e komunës në këtë fushë. **Sa i përket masave afatmesme**, është theksuar transferimi i kompetencave të propozuara të qendrave ditore për personat me aftësi të kufizuara (33), të cilat menaxhohen nga Qendrat e punëve sociale të komunave, duke përfshirë sigurimin e burimeve financiare për funksionimin e tyre nga buxheti i shtetit. Në këtë fazë do të përcaktohej dhe transferohej edhe pronësia e objekteve ku zbatohet shërbimi, si dhe të punësuarit në qendrat ditore. Është përmendur edhe mundësia e zbatimit të zgjidhjes ligjore që komunat të themelojnë qendra për shërbime (në shtëpi dhe në komunitet), ndërsa mjetet të paguhen për përdorues sipas çmimit të përcaktuar për ofrimin e shërbimit. Do të përgatiteshin të gjitha bazat ligjore për transferimin e kompetencave, shërbimeve, financimit dhe mbështetjes për forcimin e kapaciteteve të këshillave rajonale të mbrojtjes sociale dhe do të stimulohej bashkëpunimi ndërkomunal gjatë planifikimit dhe zhvillimit të shërbimeve. **Dhe në fazën e tretë** propozohet të përfundohet procesi i deinstitucionalizimit, përmes një transformimi të plotë të institucioneve të mbrojtjes sociale – ato të transformohen në shërbime për mbështetje në bashkësinë lokale dhe të rritet autonomia fiskale e komunave duke avancuar mekanizmat për gjenerimin e të ardhurave vetaniake (tatime lokale, taksa, kontribute komunale).





По презентирањето на Анализата, присутните изнесоа различни мислења за процесот на децентрализација на социјалните услуги. Еден дел од нив сметаа дека овој процес треба да оди постепено, но беше застапено и мислењето дека децентрализацијата треба да се спроведе веднаш, како што тоа беше сторено за многуте надлежности кои од 2005 година започнаа да се спроведуваат од општините. Присутните се запознаа и со актуелните модели на спроведување на надлежностите од социјалната заштита во земјите од регионот. Потоа беше договорено Анализата да им бидат доставена на сите општини, за тие да се изјаснат со свои предлози и видувања во следните две недели, а потоа Комисијата да отвори дебата за систематизирање на ставовите со кои ќе се излезе на средба со Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Pas prezantimit të analizës, të pranishmit shprehën mendime të ndryshme për procesin e decentralizimit të shërbimeve sociale, ku disa mendonin se ky proces duhet të vazhdojë gradualisht, por u shpreh edhe mendimi se decentralizimi duhet të zbatohet menjëherë, siç është bërë për shumë kompetenca që komunat kanë filluar t'i zbatojnë në vitin 2005. Të pranishmit u informuan edhe lidhur me modelet aktuale të zbatimit të kompetencave të mbrojtjes sociale në vendet e rajonit. Më pas u ra dakord që analiza t'u dorëzohet të gjitha komunave, për të shprehur propozimet dhe qëndrimet e tyre brenda dy javëve të ardhshme dhe më pas Komisioni të hapë debat për sistematizimin e qëndrimeve që do të prezantohen në një takim me Ministrinë e Politikës Sociale, Demografisë dhe Rinisë.

## ЗЕЛС ОРГАНИЗИРАШЕ РАБОТИЛНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ОПШТИНИТЕ ВО ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Креирање на локални програми за поддршка на жените претприемачи; подобрување на пристапот до финансии; обезбедување на образовни и менторски програми и намалување на родовите стереотипи во економијата, се генералните препораки за подобрување на условите за економско јакнење на жените на локално ниво, утврдени во анализата на податоците од истражувањето што го спроведе Канцеларијата на UN Women во Скопје, во општините: Битола, Демир Хисар, Кисела Вода, Кочани, Охрид и Штип. Анализата беше презентирана на работилницата организирана од ЗЕЛС на 27 февруари 2025 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот. Оваа работилница е дел од активностите на „Менторската програма за интегрирање на родовата еднаквост во локалните програми" што ја спроведува ЗЕЛС со поддршка на Канцеларијата на UN Women во Скопје, во рамките на проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџет: Кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија" (фаза 2) и програмата „Промовирање на родово одговорно управување во Република Северна Македонија".

## BNJVL ORGANIZOI PUNËTORI PËR PËRKRAHJEN E KOMUNAVE NË IDENTIFIKIMIN E MUNDËSIVE PËR NXITJEN E SIPËRMARRJES SË GRAVE

Krijimi i programeve lokale për të mbështetur gratë sipërmarrëse; përmirësimi i qasjes në financa; sigurimi i programeve edukative dhe mentoruese dhe reduktimi i stereotipave gjinorë në ekonomi, janë rekomandimet e përgjithshme për përmirësimin e kushteve për fuqizimin ekonomik të grave në nivel lokal, të konstatuara në analizën e të dhënave të hulumtimit të kryer nga Zyra e UN Women në Shkup, në komunat: Manastir, Demir Hisar Kisela Vodë, Koçan, Ohër dhe Shtip. Analiza u prezantua në punëtorinë e organizuar nga BNJVL-ja më 27 shkurt 2025, në hapësirat e Qendrës së trajnimeve të BNJVL-së. Kjo punëtori është pjesë e aktiviteteve të "Programit mentorues për integrimin e barazisë gjinore në programet lokale", të cilin po e zbaton BNJVL-ja me mbështetjen e Zyrës së UN Women në Shkup, në kuadër të projektit "Promovimi i politikave dhe buxheteve të përgjegjshme gjinore: drejt qeverisjes transparente, gjithëpërfshirëse dhe llogaridhënëse në Republikën e Maqedonisë së Veriut" (faza 2) dhe programit "Promovimi i qeverisjes së përgjegjshme gjinore në Republikën e Maqedonisë Veriore".







Целта на оваа работилница беше да се идентификуваат можностите на локалната самоуправа во поттикнувањето и градењето соодветна околина за развој на локалните бизниси и поттикнување на женското претприемништво. На работилницата учествуваа претставници на општинската администрација, координатор/координаторки за еднакви можности и членови на интерсекторската работна група за родово одговорно буџетирање од овие пет општини, членови на Локалниот совет за женско претприемништво.

## Презентирани податоците и препораките од истражувањето за потребите од економско јакнење на жените на локално ниво

На работилницата беа презентирани податоците и препораките од анализата на податоците од истражувањето за потребите од економско јакнење на жените на локално ниво. Од анализираните одговори на прашалникот што го пополниле 247 жени и 5 мажи на возраст 30 – 45 години и 46 – 64 години, утврдено е дека 29 % од испитаниците се изјасниле дека имаат интерес да започнат бизнис, а 54 % се изјасниле дека би започнале бизнис доколку добијат соодветна поддршка. Најчести одговори на прашањето каква поддршка им е потребна за да се охрабрат да отворат сопствен бизнис биле: полесен пристап до фондови и субвенции; обуки и консултации и менторска поддршка и поддршка во справување со нелојалната конкуренција. Како пречки со кои сметаат дека би се соочиле за да ги направат првите чекори, ги навеле: недостаток на почетен капитал, недоволна институционална поддршка; бирократија и административни пречки. На прашањето за наведување на причини за невработеност посочиле: недостаток на

Qëllimi i kësaj punëtorie ishte identifikimi i mundësive të vetëqeverisjes lokale në nxitjen dhe ndërtimin e një mjedisi përkatëse për zhvillimin e bizneseve lokale dhe nxitjen e sipërmarrjes së grave. Në punëtori morën pjesë përfaqësues të administratës komunale, koordinatorë/koordinatore për mundësi të barabarta dhe anëtarë të grupit punues ndërsektorial për buxhetim të përgjegjshëm gjinor nga këto pesë komuna, anëtarë të Këshillit lokal për sipërmarrësi të femrave.

## U prezantuan të dhëna dhe rekomandime të hulumtimit të nevojave të fuqizimit ekonomik të grave në nivel lokal

Në punëtorinë u prezantuan të dhënat dhe rekomandimet e "Analizës së të dhënave nga hulumtimi për nevojat e fuqizimit ekonomik të grave në nivel lokal". Nga përgjigjet e analizuara të pyetësorit të cilin e kanë plotësuar 247 gra dhe 5 burra të moshës 30-45 dhe 46-64 vjeçare, u konstatua se 29% e të anketuarve kanë deklaruar se kanë interes të hapin biznes, ndërsa 54% kanë deklaruar se do të fillonin biznes nëse do të merrnin mbështetjen përkatëse. Përgjigjet më të shpeshta për pyetjen se çfarë mbështetjeje u nevojitet që të inkurajohen për të hapur biznesin e tyre ishin: qasje më e lehtë në fonde dhe subvencione; trajnime dhe konsultime dhe mbështetje mentoruese dhe mbështetje për të ballafaquar me konkurrencën jo lojale. Si pengesa me të cilat konsiderojnë se do të ballafaqoheshin në hapat e parë i kanë theksuar: mungesa e kapitalit fillestar, mbështetja e pamjaftueshme institucionale, burokracia dhe pengesat administrative. Pyetjes për të renditur arsyet e papunësisë, ata i kanë theksuar: mungesën e vendeve përkatëse të punës,

соодветни работни места; неможност за работа со скратено време; недостаток на детска грижа и здравствени проблеми. Дадените препораки за општините од анализата се во насока на утврдување на предизвиците и насочување на конкретните општини во преземање на активности за подобрување на условите за економско јакнење на жените и креирање на мерки за поттикнување на женско претприемништво.

## Стереотипите за улогата на жената во семејството – дел од причините за недоволното присуство на жената на пазарот на трудот

Во дискусијата што ја развија присутните на работилницата беше посочено дека недоволното присуство на жената на пазарот на трудот во значителна мера е и резултат на сè уште присутните стереотипи за улогата на жената во семејството и во домот, каде што таа извршува бројни обврски, како: грижа за хигиената, негата на децата и постарите лица во семејството, земјоделски активности и слично, а сето тоа се води како неплатена работа. Потврда дека жените во нашата земја се значително помалку активни на пазарот на трудот од мажите се и статистичките податоци, како и податоците од анализите направени во повеќе истражувања, врз чија основа се изработени програмите и политиките за подобрување на овие состојби. Посочено беше дека во „Дијагностика на општинските пазари на труд во Северна Македонија", од „Фајнанс тинк" (*Finance Think*) од 2024, нагласена е потребата за „отклучување" на женскиот економски потенцијал, над родовите граници. Дадени се препораки да се идентификуваат двигателите на ниското учество на жените на пазарот на трудот и женската продуктивност и да се нагласи важноста на работните места, стимулативната средина, работните услови и системската поддршка како двигатели на продуктивноста и женскиот потенцијал. И во Националната развојна стратегија 2024 – 2044 е посочено дека родовата нееднаквост е типична карактеристика на пазарот на труд во нашата земја и таа доаѓа до израз и во доменот на претприемачката активност. Имено, од вкупниот број работодавачи во државата во 2021 година, само 19 % се жени. Слична родова статистика има и меѓу оние што работат за сопствена сметка, од нив 78 % се мажи, додека остатокот од 22 % се жени. Според официјалната статистика, жените управуваат со само 2,6 % од постојните претпријатија. Во таа насока беше посочено дека државата е сè поактивна во преземањето мерки на ова поле, при што беше посочена „Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2025 година" на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија. Таму се предвидени и конкретни средства за поддршка на женското претприемништво за организирање на обуки за претприемачи чија цел е обезбедување на широка информираност на жените претприемачи за

pamundësinë për të punuar me kohë të shkurtuar, mungesën e kujdesit për fëmijët dhe problemet shëndetësore. Rekomandimet e dhëna për komunat nga analiza kanë për qëllim identifikimin e sfidave dhe drejtimin e komunave konkrete në ndërmarrjen e aktiviteteve për përmirësimin e kushteve për fuqizimin ekonomik të grave dhe krijimin e masave për inkurajimin e sipërmarrjes së grave.

## Stereotipat për rolin e gruas në familje – pjesë e arsyeve për pjesëmarrjen e pamjaftueshme e gruas në tregun e punës

Në diskutimin që e hapën të pranishmit në punëtori u theksua se pjesëmarrja e pamjaftueshme e grave në tregun e punës është në një masë të konsiderueshme edhe rezultat i stereotipave ende të pranishme për rolin e gruas në familje dhe në shtëpi, ku ajo kryen obligime të shumta, siç janë: kujdesi për higjienën, kujdesi për fëmijët dhe personave të moshuar në familje, aktivitetet bujqësore dhe të ngjashme, dike i konsideruar të gjitha këto si punë të papaguara. Të dhënat statistikore, si dhe të dhënat nga analizat e kryera në disa hulumtime, konfirmojnë se gratë në vendin tonë janë dukshëm më pak aktive në tregun e punës se burrat, mbi bazën e të cilave janë hartuar programe dhe politika për përmirësimin e këtyre gjendjeve. U theksua se në "Diagnostifikimin e tregjeve komunale të punës në Maqedoninë e Veriut" nga Finance Think nga viti 2024 theksohet nevoja për të "zhbllokuar" potencialin ekonomik të grave, përtej kufijve gjinorë. Janë dhënë rekomandime për të identifikuar nxitësit e pjesëmarrjes së ulët të grave në tregun e punës dhe produktivitetit të grave dhe për të theksuar rëndësinë e vendeve të punës, mjedisin stimulues, kushtet e punës dhe mbështetjen sistematike si nxitës të produktivitetit dhe potencialit të grave. Edhe në Strategjinë kombëtare të zhvillimit 2024-2044 theksohet se pabarazia gjinore është një karakteristikë tipike e tregut të punës në vendin tonë dhe është e dukshme edhe në fushën e veprimtarisë sipërmarrëse. Gjegjësisht, nga numri i përgjithshëm i punëdhënësve në vend në vitin 2021, vetëm 19% janë gra. Statistika e ngjashme gjinore ekziston edhe ndër ta që janë të vetëpunësuar, prej të cilëve 78% janë burra, ndërsa pjesa tjetër prej 22% janë gra. Sipas statistikës zyrtare, gratë menaxhojnë vetëm me 2.6% të ndërmarrjeve ekzistuese. Në këtë drejtim, u theksua se shteti është gjithnjë e më aktiv në ndërmarrjen e masave në këtë fushë, me ç'rast është theksuar "Programi për përkrahjen e sipërmarrjes, konkurrencës dhe inovacionit të ndërmarrjeve të vogla dhe të mesme në vitin 2025" i Agjencisë së përkrahjes së sipërmarrjes së Republikës së Maqedonisë së Veriut. Në të janë të parapara edhe mjete konkrete për mbështetjen e sipërmarrjes së grave për organizimin e trajnimeve për sipërmarrës, qëllimi i të cilave është sigurimi i informimit të gjerë për gratë sipërmarrëse për

инструментите за финансиска поддршка на женското претприемништво.

Присутните нагласија дека општините имаат големи можности за идентификување на конкретните специфики на своето подрачје на пазарот на трудот, каде што можат да ги утврдат и конкретните предизвици со кои се соочуваат жените за нивно поголемо вклучување и да креираат соодветни образовни, социјални и други политики, како и мерки и активности. Собирањето на родово базираните податоци може да ја отслика фактичката основа за потребата од преземање на соодветни промени, а пред сè да ѝ дадат правец на општината каде да ги насочи своите капацитети за дејствување. Тука беше посочено дека статистичката основа може да се добие и од базата на податоци МАКСТАТ, на Државниот завод за статистика. Обезбедувањето и споделувањето на соодветните информации до соодветните засегнати страни, исто така, може да е дел од активностите на општината во оваа област, а особено примената на мерки кои би придонеле кон надминување на постојните родови стереотипи за улогата на жената и мажот во семејството и на работните позиции.

instrumentet për mbështetjen financiare të sipërmarrjes së grave.

Të pranishmit theksuan se komunat kanë mundësi të mëdha për të identifikuar specifikat konkrete të fushës së tyre në tregun e punës, ku mund të përcaktojnë edhe sfidat konkrete me të cilat ballafaqohen gratë për përfshirjen e tyre më të madhe dhe të krijojnë politika adekuate arsimore, sociale dhe të tjera, si dhe masa dhe aktivitete. Mbledhja e të dhënave të bazuara gjinore mund të pasqyrojë bazën faktike për nevojën e ndërmarrjes së ndryshimeve përkatëse dhe mbi të gjitha t'i japin komunës një drejtim se ku t'i fokusojë kapacitetet e saj për veprim. Këtu u theksua se një bazë statistikore mund të fitohet edhe nga baza e të dhënave - MAKSTAT e Entit Shtetëror të Statistikave. Sigurimi dhe shkëmbimi i informacioneve përkatëse për palët e përfshira përkatëse mund të jetë gjithashtu pjesë e aktiviteteve të komunës në këtë fushë, e sidomos zbatimi i masave që do të kontribuonin për tejkalimin e stereotipave ekzistues gjinorë për rolin e gruas dhe burrit në familje dhe në pozitat e punës.









ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0) 2 30 99 033
ул. „Копенхагенска“ бр. 5, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT**

tel. +389 (0) 2 30 99 033
rr. Kopenhagenska nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk